


# ПОМЛАД СОРАБОТНИК ЗА ПОДДРШКА НА ПРОДАЖБАТА – АЖУРИРАЊЕ НА КЛИЕНТСКИ СМЕТКИ

**Локација:** СКОПЈЕ

**Оддел:** СКОПЈЕ, Сектор за корпоративни клиенти / Служба за корпоративна поддршка

Доколку имаш желба да бидеш дел од динамичен банкарски тим кој со отворен ум ги прифаќа секојдневните предизвици, имаш позитивен пристап во работата, покажуваш ентузијазам секогаш да бидеш најдобар во тоа што го работиш, имаш желба да учиш и да се развиваш преку организацијата и се трудиш да изнајдеш иновативни и креативни начини за реализација на задачите, а воедно ти е важно да работиш во средина во која се вреднува тимскиот дух и фер однесување, те охрабруваме да ни се придружиш и заедно со нас секојдневно да ги живееш нашите корпоративни вредности!

**200 години групациско искуство Erste & Steiermärkische Sparkasse**

**36 експозитури**

**повеќе од 200.000 клиенти во земјата**

**посветеност,кредибилет и сигурност**

## Што ќе биде твојата улога

Отварање на сметки на клиентите и изработка на целокупната документација согласно процедурите;

Изработка на разни видови на потврди и известувања до клиентите согласно нивните барања и потреби;

Реализација и менаџирање на техничките потреби на клиентите и извршување на секојдневните банкарски операции;

Обезбедување на квалитетни податоци за создавање и ажурирање на досието на клиентот;

Водење на редовен мониторинг на сметките предмет на редовно ажурирање;

Вршење на други обврски за потребите на Банката по налог на непосредниот раководител.

## Кои квалификации се потребни

ВСС - Економски факултет

Работно искуство во банкарска институција или друга финансиска организација ќе се смета за предност;

Активно познавање на англиски јазик и познавање на работа со компјутер (МС Office);

Добро познавање на банкарските продукти, познавање на финансиската анализа, анализа на финансиските показатели, основи на законот за облигации, основи на законот за девизно работење, основи за документарните работи и основи на закон за трговски друштва;

Вештини за комуникација со клиенти, самоиницијатива, аналитички вештини, креативност, подготвеност за тимска работа и способност за работа под притисок.

## Кои ќе бидат твоите придобивки

Континуирана обука и можност за кариерен развој во банкарската групација Erste & Steiermärkische Sparkasse

Приватно здравствено осигурување

Конкурентна плата и дополнителни надоместоци

Мотивирачка организациска култура во која се почитува иницијативноста, анагажманот, но и тимскот дух

Настани и активности за добросостојбата на вработените (employee's wellbeing)

Те охрабруваме да ја искористиш оваа можност и да аплицираш на отворената позиција со испраќање на CV и мотивационо писмо на **kariera@sparkasse.mk** заклучно со **31.03.2025 година** со назнака **„Апликација за ПОМЛАД СОРАБОТНИК ЗА ПОДДРШКА НА ПРОДАЖБАТА – АЖУРИРАЊЕ НА КЛИЕНТСКИ СМЕТКИ“.**

** Вашите апликации ќе имаат третман на строга доверливост. Само кандидатите кои ќе влезат во потесен круг на селекција ќе бидат повикани на интервју.*

** Ве молиме за доставување на согласност Вашите податоци и поднесени документи да се чуваат во базата на податоци на Банката во период од 6 месеци, доколку сте согласни со истото. Оваа согласност кандидатот може да ја повлече во секое време со писмено барање.*

За дополнителни информации, посети ја страницата www.sparkasse.mk.

**ТИ ЈА ПРАВИШ РАЗЛИКАТА! #КариераБезБариера #ВерувајВоИднината**

Те очекуваме!